ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА Број 82, Четврток, 15.11.2018

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

ОД РАБОТАТА НА СЗПМ

# На пензионерите им е потребно добро и точно информирање

**Добро информираниот пензионер е корисен за себе, за здружението, за Сојузот и за општеството, кое треба да ги користи знаењата и искуствата на пензионерите**

Комисијата за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ и на редакцискиот одбор на весникот „Пензионер плус“, на 19 октомври 2018 година одржаа седница со која раководеше претседателката на комисијата, Калина С. Андонова, а беа присутни и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, Салтир Каровски, потпретседател на ИО и Станка Трајкова, секретарка на ИО на СЗПМ.

На почетокот на седницата на присутните им се обрати Драги Аргировски, претседател на СЗПМ и претседател на издавачкиот совет на весникот.

- Во далечната 2005 година успешно започна да излегува месечниот прилог „Пензионерски видици“ во ценетиот прв македонски дневен весник „Нова Македонија“ како заеднички проект со главниот уредник Александар Димковски, а вистинска најава за еден нов начин на информирање на пензионерите започна во јули 2008 година кога излезе првиот број на „Пензионер плус“, со што се отвори нова страница во историјата на информирањето на пензионерите и јавноста за масовната пензионерска популација. Во првиот број не случајно се укажува дека весникот и веб-страницата се крупен исчекор во информирањето и дека СЗПМ со околу 250.000 члена има потреба од свој систем на информирање кој би требало да ги задоволи основните цели и задачи што се поставуваат во оваа област на база на вистинска и ефикасна информација. Запазувањето токму на овие постулати и богатите содржини придонесоа во овие години да се направи голем исчекор напред во областа на информирањето на пензионерите на републичко ниво. Од број во број весникот „Пензионер плус“ стануваше сè поквалитетен, со голем број актуелни, интересни и нови информации што ги немаше во другите медиуми. Започна да се остварува и првичната заложба весникот да стане гласник на вистината. Постојано се зголемуваше и дописничката мрежа, што стана препознатлив знак. Моите истражувања како основоположник на вистинското информирање во СЗПМ, за пензионерите и старите луѓе во земјата и пошироко во опкружувањето, покажуваат дека како резултат на влијанието на информирањето на сите нивоа, голем број пензионери во рамките на Сојузот и во здруженијата на пензионери од година на година сè повеќе се вклучуваа во програмските активности во општеството, во пензионерскиот аматерски спорт, во фолклорните ревии и друго. Со тоа се задоволуваше и правото на информираност на граѓаните за активностите на пензионерската популација, но и за поттикнување на разновидноста во мислењата и во идеите.

Да се има свој весник, независен и самостоен, има големо значење и е крупно достигнување во овој домен. Информативното месечно гласило на СЗПМ, „Пензионер плус“, со своите содржини за сегашните и идни пензионери, денес се печати во 6.000 примероци и е еден од најчитаните весници во Република Македонија, бидејќи го има и во електронско издание, а се доставува до над стотина здруженија на пензионери во постојните четири сојузи со над 310.000 корисници на пензија и во над 400 клуба на пензионери во Македонија, каде што неделно престојуваат и другаруваат по околу 150.000 пензионери и граѓани. Досега се објавени 123 броја со над 2.000 страници, со безброј наслови, текстови и фотографии, вести, информации, осврти, анализи, белешки, колумни и репортажи. Од 2011 година во „Пензионер плус“ се печати една страница и на албански јазик, а во весникот на албански јазик „Коха“ неколку години се објавува страница наменета за пензионери.


ПЕНЗИОНЕР плус
10 години
СЗПМ
Забележителни успеси на културен и спортски план
Јубилеј за почит
Средба во Оравовица со над 10 000 пензионери







Во весникот „Пензионер плус“ во изминатата деценија се објавени повеќе написи и за соработката со локалните самоуправи и со државните органи, со Фондовите на ПИОМ и ЗОМ, за меѓугенерациска, мултиетничка и меѓународна соработка, за хуманитарни активности и друго. За сето тоа се пишуваше реално со факти, а преку написите и фотографиите читателите можеа да се препознаат и да се верификува нивниот вистински придонес за подигање на квалитетот на активностите во нивната средина, за нова подобра содржина во животот на пензионерите. Сето тоа интерактивно влијаеше позитивно на околината и стана нов поттик за нови стремежи. Забележително место во весникот се даде во афирмирањето на активностите и ставовите на органите и телата на СЗПМ како непосреден интерес на пензионерите и јавноста.

Значи, весникот „Пензионер плус“, како и прилогот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ придонесуваат и за информирање на пошироката јавност со состојбите на оваа популација и за нивните потреби, како и за анимирање на надлежните органи на државата за потребите на пензионерите, за заштита и унапредување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, здравствената проблематика, за поттикнувањето на волонтерството, за зголемување на чувството на солидарност на помладата генерација кон нивните родители, баби и дедовци. Притоа, се шири аксиомата дека мудроста и искуството се насобрани кај постарите, а силата е кај помладите и дека заедно се постигнува повеќе.

Прелистувајќи ги досегашните броеви на весникот можат да се забележат повеќе информации и од меѓународната активност на Сојузот и здруженијата. Особен успех е постигнат со учество на истакнати автори и ансамбли од СЗПМ и здруженијата на престижниот Меѓународен фестивал за трета животна доба во Љубљана, Р.Словенија, каде што девет години по ред достојно се презентира културното богатство и творештвото од Република Македонија.

Има многу написи и за безброј успешни екскурзии и пикник-средби, а е пишувано и за повеќе проблеми од животот на оваа значајна популација.

Сето тоа е поместено и на веб-страницата на СЗПМ која во 2014 година доби нов изглед и содржина. На истата сега има и информации и галерија на фотографии. Во архивата се поместени сите броеви на весникот „Пензионер плус“, како и на „Пензионерски видици“, од 2005 година до денес и на страницата на „Коха“ за пензионери. На веб-страницата се објавени и билтените за спорт и фолклорните ревии, како и потстраници на 33 здруженија. За истакнување е дека оваа веб-страница од ден на ден е сè попосетена.

Во ова време на експанзија на лажните вести и говорот на омраза на социјалните мрежи и во некои медиуми, сè повеќе се налага потребата вистината да биде во преден план. Таа посакувана цел се постигнува само со добро, точно и навремено информирање. Благодарејќи на тоа, во изминатите десет години на страниците на „Пензионер плус“ не е објавена ниту една лажна вест или шпекулација, иако денес, за жал, лажните вести станаа неизбежен дел од речиси секоја јавна комуникација, а без сериозно објаснување се и повеќето манипулации и клевети објавени во медиумите и јавноста. Лажните вести стануваат сериозна ерозија на новинарството и се против општочовечки и државни интереси. Многубројните вести без докази се и против секакви слободи и демократии, а очигледната толеранција на говорот на омраза во медиумите и јавноста создава злонамерна информативна конфузија. Поради тоа, во земјите на Европската Унија со право се води остра борба против вестите без докази, се донесуваат закони за нивна забрана и се воведуваат драстични казни. Во таа насока мора да се вклучат научни, правни, медиумски, политички и други структури и кај нас. Во овие услови и информирањето на пензионерите треба да биде двострано, вистинито и транспарентно, добро, точно и објективно, што истовремено ќе значи значајна брана против ширењето на лажните вести и говорот на омраза меѓу пензионерската популација и пошироко. Поради моето долгогодишно искуство сметам дека оваа проблематика за пензионерите треба повеќе да се третира во печатените медиуми, а и на радијата и телевизиите (локални и национални) да се воведуваат специјални емисии за стари луѓе и да се обнови емисијата „Трета доба“ на МТВ.

Печатените и електронските медиуми во нашата земја треба сè повеќе да ги третираат интересите на пензионерите и на старите луѓе за подобрување на нивниот стандард и на условите за живеење за активно и здраво стареење. Секако дека некои од овие заложби ги надминуваат локалните граници и се од државен интерес, како што се зголемување на пензиите, изградба на нови пензионерски и старски домови за поевтино сместување на луѓето од оваа возраст, за што има голема потреба и интерес. И во Уставот на Република Македонија е утврдено дека државата се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните во согласност со начелото на социјална праведност. Во СЗПМ е при крај и подготовката на иницијативниот предлог-закон за пензионерско организирање во Република Македонија во кој посебно внимание се посветува на целите и задачите на здруженијата и на Сојузот за преземање мерки и активности за унапредување на животот во сите области во третата доба. Законот за пензионерско организирање во Република Македонија треба да придонесе за натамошно зајакнување на СЗПМ и на другите пензионерски сојузи како граѓански организации во интерес на оваа многубројна и значајна популација во државата - истакна претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски.

На седницата по дискусијата во која учествуваа: Станка Трајкова, Салтир Каровски, Фруска Костадинова, Баки Бакиу, Спирко Николовски, Благоја Спиркоски и Верица Тоциновска беше заклучено дека информирањето треба да биде двострано, вистинито и транспарентно. Се констатира дека од година на година во информирањето на пензионерите се забележува виден напредок, но се разбира дека секогаш може да биде и подобро. Се укажа потребата за нови содржини и нов изглед на весникот, со цел да биде уште подобар и поблизок до читателите. Беа донесени и заклучоци кои ќе им бидат доставени на сите 53 здруженија, со цел информирањето да биде поинтензивно, посодржајно и достапно до секој член.

Со други зборови, седницата беше мошне корисна и во интерес на доброто информирање, бидејќи само добро информираниот пензионер е корисен за себе, за здружението, за Сојузот и за општеството кое треба да ги користи знаењата и искуството на пензионерите.

**Ц.И.**

ЗП-КАРПОШ

# 40 години активна работа





ЗП-Карпош одбележа 40 години од своето постоење. По тој повод, на 20 октомври 2018 година се одржа свечена седница на која присуствуваше делегација на СЗПМ со претседателот Драги Аргировски, потпретседателот на ИО, Салтир Каровски и секретарката на ИО, Станка Трајкова, претставници на ЗП-Битола, ЗП-Кичево и други. Свеченоста со пригоден говор ја отвори Јован Гиновски, претседател на собранието на здружението, при што истакна дека во изминативе децении се работело на подобрување на статусот на пензионерите и повозрасните граѓани, како и на нивната социјализација и меѓусебна комуникација, организирање на спортски и културни настани и други активности.

На настанот по повод овој голем јубилеј присуствуваше и градоначалникот на општината Карпош, Стефан Богоев и дел од членовите на советот, Билјана Костова, Филип Даскаловски и Мики Филев.

Поздравувајќи ги присутните, Богоев напомена дека како најмлад градоначалник во Република Македонија има чест да ја води општината со најголем број возрасни граѓани.

Дадената доверба значи обврска. Во изминатиов период покажавме дека водиме еднаква грижа за сите пензионери. Тоа што го планираме за следната година е Проектот за хумани патроли кој ќе овозможи помош и поддршка на пензионерите на кои им е најпотребно, здравствени прегледи или завршување на некоја секојдневна работа. Исто така, предвидуваме и отворање на повеќе пензионерски клубови.

На свечената седница свое обраќање имаше и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, при што откако го честиташе јубилејот зборуваше за иницијативниот предлог за закон за пензионерско организирање во РМ, за значењето на соработката со локалната самоуправа, за потребата од објективно информирање како брана на ширење лажни вести и друго.

Во текот на претходниот ден, одделението за спорт и култура при општината ги организираше и деветтите по ред „Спортски игри" за повозрасните жители на Карпош. Овој настан го поттикнува дружењето меѓу овие лица и овозможува да бидат активни.

Заедничка е заложбата за уште поголем број активности меѓу општината Карпош и пензионерските друштва, како и конкретни проекти кои ќе го подобрат животот на повозрасните во општината. Во текот на еднодневните спортски натпревари, учесниците се натпреваруваа во дисциплините пикадо, влечење јаже, фрлање ѓуле и трчање. Во оваа пригода, поздравно обраќање имаше градоначалникот Стефан Богоев, кој и ги отвори спортските игри. Општината и во претстојниот период ќе негува партнерски однос со здруженијата на пензионери, со цел да се подобрат нивните услови во секој поглед.

Илија Глигоров

ЗП-ОХРИД И ДЕБРЦА

# Фолклористите на прием кај градоначалникот Стојаноски





Градоначалникот на Охрид, проф. д-р Јован Стојаноски, организираше прием за фолклористите на КУД„Далги" по повод нивното учество на Меѓународниот фестивал за трета животна доба кој традиционално се одржува во Љубљана - Словенија, по повод 1 Октомври - Меѓународниот ден на старите лица.

На средбата, најпрво претседателот на ЗП-Охрид и Дебрца, Ѓорѓи Трпчески, упати благодарност до градоначалникот Стојаноски за приемот и ги пренесе импресиите од настапот во Љубљана.

- На овој настап во Љубљана, заедно со фолклористите од ЗП-Солидарност-Аеродром од Скопје достојно го претставивме СЗПМ. Ова е наш најголем успех досега од постоењето на двете здруженија од Охрид и Скопје. Нашиот настап беше одлично примен од илјадната публика во Цанкаревиот дом. Тоа е голема афирмација и за нас како здруженија, но и за градовите Охрид и Скопје како и на Македонија – истакна Трпчески.

На крајот од своето обраќање, претседателот Трпчески му пренесе на градоначалникот Стојаноски дека на претседателот на ЗДУС на Словенија, Јанез Сушак му врачиле уметничка фотографија со панорама на градот Охрид. Трпчески изрази голема благодарност до градоначалникот Стојаноски за помошта на локалната самоуправа и за неговиот личен ангажман во врска со овој настан. Тој уште еднаш ја потврди успешната соработка со локалната самоуправа и истакна дека таа и натаму ќе продолжи и ќе се унапредува во повеќе области.

Д-р Димитар Спасески, задолжен за здравствената состојба на фолклористите при патувањето во Љубљана, го информираше градоначалникот Стојаноски за обезбедената здравствена заштита на 50-те фолклористи на двете здруженија од Охрид и Скопје и дека патувањето минало во најдобар ред.

Уметничкиот раководител на КУД „Далги", Ристо Трајкоски, го запозна градоначалникот за годините на постоење на културно-уметничкото друштво, за неговите настапи и добиени признанија на разни културни манифестации, ревии и фестивали. Тој со гордост истакна дека на фестивалот во Љубљана, на КУД „Далги" му било врачено и посебно признание за настапот со постановката „Билјана платно белеше", а на КУД „Солидарност-Аеродром" за постановката „Свадба".

Градоначалникот беше воодушевен од искажувањата на претставниците на ЗП-Охрид и Дебрца за нивното претставување на Меѓународниот фестивал во Љубљана.

- Ме радува фактот што во многу убаво светло, низ песна и оро и подароците сте го претставиле Охрид, за кој сите тежнееме секогаш да биде поафирмиран и туристички попривлечен. Нашата скромна помош дошла во вистински раце и на право место. Ние секогаш сме подготвени да помагаме за ваква афирмација на градот, не само преку туристички промоции туку и на вакви начини, можеби мали, но за нас многу значајни. Локалната самоуправа секогаш ќе ве помага, бидејќи сте голема организација и, искрено, имаме голема почит кон вас пензионерите. Вие сте тие кои ја изградивте оваа држава за ние помладите да ја имаме оваа слобода и да ги уживаме придобивките. Ние секогаш ќе ги прифаќаме убавите идеи и креации за подобра и поуспешна благосостојба за сите нас, без оглед на верска, национална и партиска определба - истакна градоначалникот.

Градоначалникот Стојаноски посочи дека во текот на овој и во почетокот на идниот месец, локалната самоуправа ќе го носи буџетот на општината Охрид за 2019 година и во него ќе бидат поместени и финансиските потреби на пензионерите во граница на можностите на градот.

К. Спасески

ЗП-ЧАИР

# Пензионерско дружење со шахот

На традиционалниот, четврта година по ред, шаховски турнир на пензионерите учествуваа околу триесет пензионери шахисти од шест скопски здруженија: ЗП-Аеродром, ЗП-Кисела Вода, ЗП-Илинден, ЗП-Воени пензионери, ЗП-Бутел, а домаќин и одличен организатор на средбата беше ЗП-Чаир. Турнирот се одржа во Клубот на пензионери, во пензионерскиот дом „Лика Чопова" во Топанско Поле, на 30 октомври 2018 година.

На шахистите, на големиот број присутни пензионери и други гости, им се обрати Ментор Ќоку, претседател на ЗП-Чаир, кој се заблагодари за големото присуство истакнувајќи дека со таквите средби се збогатува другарувањето.

- Со овој турнир сакаме да придонесеме за афирмација на нашето здружение и на самите вас, а целта ни е дружење и запознавање меѓу пензионерите. Оваа шаховска средба е и подготовка за 13. ноемвриски шаховски турнир кој традиционално се одржува секоја година под покровителство на градот, а во организација на СЗП на градот Скопје. Верувам дека сè ќе помине во најдобар ред и ви посакувам убаво дружење и турнир за паметење - рече Ментор Ќоку.

Домаќините, како добри организатори, ги послужија гостите со кафе и сок, а на една од паузите им дадоа и мала закуска. По завршувањето на турнирот беа прогласени и победниците. Најдобар резултат и прво место освоија шахистите од ЗП-Бутел, второто место го освоија шахистите домаќини, од ЗП-Чаир, а шахистите од ЗП-Солидарност-Аеродром и од ЗП-Кисела Вода со ист број бодови го поделија третото место. Четвртото место им припадна на шахистите од ЗП-Илинден, а петтото место го освоија шахистите на ЗП-Воени пензионери.

Присутните гости на турнирот, по завршувањето на секое коло ги коментираа партиите и укажуваа на грешките на натпреварувачите.

Васил Пачемски



ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# Презентација со интересна анализа за функционирањето на пензионерските домови во РМ

На 7 ноември 2018 година, пред претседателите на здружениjата членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Центарот за управување со промени имаше интересна презентација на анализа на функционирањето на домовите и становите за живеење на пензионери во Република Македонија, со кои стопанисува ФПИОМ. Анализата е подготвена од Центарот за управување со промени, а нарачател на истата е Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.





На почетокот на презентацијата присутните ги поздрави Станка Трајкова, секретарка на ИО на СЗПМ и потпретседателка на советот за социјална сигурност кој работи во рамките на Министерството за труд и социјална политика, изразувајќи задоволство што Центарот за управување со промени ќе ги искаже своите согледувања и пред СЗПМ. Директорката на Центарот, Неда Малеска-Сачмароска, посебно ги поздрави присутните од МТСП и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски.

Потоа, Станка Трајкова истакна дека презентацијата е интересна затоа што и во нашата земја има сè побројна возрасна популација, а пензионерите се корисници на пензионерските домови и можат да дадат свое мислење и придонес во решавање на овој проблем кој СЗПМ го подигнува на многу нивоа, бидејќи главен приоритет и кај нас и на Европската Унија и на Светската здравствена организација е борбата против социјалната исклученост на старите лица и унапредување на квалитетот на нивното живеење.

Потоа, директорката на Центарот, Неда Малеска-Сачмароска имаше воведно излагање за проектот во кое ги искажа целите на анализата како и предлозите кои произлегле од истата.

Врз база на податоците добиени на терен низ цела Македонија, утврдено е дека функционирањето на домовите и становите за живеење на пензионери во Република Македонија, а со кои стопанисува ФПИОМ, е оценето со оцена 3, но општ впечаток е дека состојбата е фактички под оваа оцена. Овие домови и станови со кои стопанисува ФПИОМ се во лоша состојба од повеќе причини. Главна причина е ниската станарина која е различна во различни градови и во повеќето од нив нема управител. Како резултат на анализата се понудени 4 модели за подобрување на состојбата заедно со нивните добри и лоши страни. А кој модел ќе биде одбран ќе зависи од институциите задолжени за оваа проблематика. Притоа се користени светски искуства и искуства од поранешните социјалистички земји – рече Малеска-Сачмароска.

Потоа моделите беа образложени и од правна и од финансиска гледна точка.

Во својата дискусија, Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, истакна дека решението е во градење нови пензионерски домови, бидејќи 483 легла се ништо во однос на 320.000 пензионери. Треба да се градат и пензионерски и старски домови за сите пензионери, а особено за оние со ниски примања, бидејќи 30 години не е изградено ниту едно легло. Многу е битно што Министерството за труд и социјална политика го покренува ова прашање кое е многу значајно за пензионерската популација.

По презентацијата имаше дискусија во која сите дискутанти ги искажаа своите согледувања за потреба од изедначување на условите и критериумите за престој во овие установи, а особено за разрешување на имотно-правните прашања.

На крајот од овој состанок произлезе препорака дека надлежните ќе го изберат најдобриот модел што ќе биде во интерес на пензионерите, затоа што овие пензионерски домови ги изградиле пензионерите со свои средства издвоени од придонесот за ПИО. Се истакна и потребата дека во државата треба да се градат државни пензионерски и старски домови кои ќе одговараат на материјалниот статус на пензионерската популација.

К. С. Андонова

ЗП-КИЧЕВО

## Акција за социјална инклузија на старите лица

Во просториите на хотелот „Кичево“ се одржа работилница посветена на темата „Акција за социјална инклузија за старите лица“. Работилницата се одржа во организација на Црвениот крст на Република Македонија заедно со општинската организација на Црвениот крст од Кичево и на истата активно учествуваа над 60 пензионери од ЗП-Кичево, каде што низ дијалог се работеше повеќе од три часа. На работилницата пензионерите се запознаа со нивните права искажани според Законот за здравствена и социјална заштита, потоа се запознаа со работата на Центрите за социјална работа во срединиte каде што живеат и друго. Голем интерес пензионерите покажаа за заштитата на старите лица, нивното сместување во старски домови, за пензионери со пониски примања. Се дискутираше за улогата на потесното семејство на старите луѓе и грижата кон нив на нивните синови и ќерки.

На оваа работилница пензионерите од Кичево искажаа загриженост за животот на пензионерите во селските рурални средини кои се оддалечени по неколку километри од центарот. Беше укажано на недоволниот број специјалисти кои доаѓаат од соседните поголеми медицински центри како: Битола, Охрид и Прилеп.

Со свои дискусии учествуваа секретарот на ЗП-Кичево, Добре Лазарески, претседателот на разграноkот Миле Наќески, пензионерките Славка Трајаноска, Менче Жунгулова, претседателката на Активот на пензионерки, Ангелина Ристоска, која ја нагласи добрата соработка со општинската организација на Црвениот крст во Кичево кои во повеќе наврати се сретнуваат со пензионерите за мерење притисок и шеќер во крвта. На работилницата беше истакната работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како и здруженијата на пензионери во општините кои заедно со центрите за социјална работа прават повеќе за заштита на старите лица.

А. Р.

РАЗГОВОР СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗП-ПРИЛЕП, СЛАВКО ТРАЈКОСКИ

# Работата и добрата волја секогаш носат добри резултати

**Господине Трајкоски, вие од неодамна сте претседател на ЗП-Прилеп. По вашето доаѓање на чело на здружението на пензионерите, се консолидираа ли активностите во изминативе неколку месеци?**

- Мислам дека сега по скоро една година откако јас сум избран за вршител на должноста претседател на едно од најголемите здруженија на пензионерите во СЗПМ, работите тргнаа кон подобро и пензионерите, односно членовите се сплотени меѓу себе. Тоа се чувствува насекаде каде што сме присутни, а јас како раководител на сите пензионери, кои ги има речиси над 13 илјади члена во 19-те разграноци во општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, ги имам посетено скоро сите разграноци. Насекаде ја кажувам мојата девиза: јас сум еднаков со сите и сега сум јас, а по мене сигурно дека ќе дојде друг и така натаму. Не ни се потребни кавги. Не треба да се надвикуваме и сега на овие години, кога сите сме направиле над шеесет, а некои и над седумдесет и осумдесет години, да покажуваме сила! Нашата сила треба да ја чуваме за да го подобриме нашето здравје. Да им се најдеме и да им помогнеме на нашите домашни, на нашите семејства. Јас по природа сум искрен човек и искрено им зборував на членовите во разграноците што ги посетив. Да направиме нешто што ќе е добро за сите нас. Да не се делиме. Можам да кажам дека веќе нема поделби. Разграноците биле и секако и натаму мора да бидат основна клетка на дејствување на пензионерите. Таму, во маалските клубови се одвива еден мирен, тивок, но значаен живот. Оттаму произлегуваат и доста идеи, има барања што пензионерите сакаат да ги искажат непосредно пред раководството на здружението, а се разбира, понекогаш ќе се искажат и одредени поплаки. Тоа не е штетно, туку напротив тоа е добро, и критиката доколку е издржана води секогаш напред. Ние сите сме возрасни луѓе. Сите сме работеле кој во едни, кој во други работни организации. Имаме доволно искуство и е нормално и треба да се цени и нашето знаење. Не сме луѓе кои треба да се потценуваат и да ни се каже дека сме стари и дека ништо не разбираме. Имаме и активности и резултати. Остваривме доста активности со кои можеме да се пофалиме.



**Што сè се реализира од програмата за оваа година?**

- Долг е списокот на активностите што беа реализирани во текот на оваа година. Ќе се потрудам некои да ги забележам за да останат во сеќавања во нашиот пензионерски весник. Сите комисии што се формирани при здружението активно работеа. Еве, да речеме, комисијата за спорт. Успеавме да го освоиме второто место на пензионерските спортски игри во Македонија. Лани бевме на прво место, а како што велат пензионерите-спортисти за иднава година пак ќе се трудат да бидат најдобри. На Регионалните спортски игри со години прилепските екипи се најдобри. Како спортски „добро потковани“ ние имавме и средби со спортистите од Куманово и од уште неколку други градови. Тоа ни беа претподготовки за пензионерската олимпијада. Морам да истакнам, а тоа не е фалба, ние имаме соработка со скоро сите здруженија-членки на СЗПМ. Соработуваме, секако, на задоволително ниво и со ИО и собранието на СЗПМ. Комисијата за култура е најактивна во нашето здружение. Ние имаме две културно-уметнички друштва и тоа „Пенка Котеска“ која ги негува македонскиот фолклор и народната песна и „Пензионер“ кои успешно настапуваат на сите пензионерски културни манифестации во Македонија и надвор од неа. Така, лани бевме на гости во Врњачка Бања во Србија, а годинава, пак, тие беа на гости кај нас и заедно со нашите друштва одржаа низа концерти. Со гостите од Србија сме и збратимени и соработката ни е на високо ниво, а ќе се трудиме и уште повеќе да ја продлабочуваме и збогатуваме. Активна е и комисијата за рекреација, односно за екскурзии. Годинава за нашите членови организиравме шест екскурзии во Македонија и една во Србија и за првпат наместо на еднодневна екскурзија беа организирани пикник-дружења на повеќе од 400 пензионери од сите 19 разграноци на здружението. Најпрвo тие пролетоска минаа дружејќи се во манастирот во Беловодица, а на Денот на пензионерите исто толку пензионери, наши членови, се дружеа во дворот на манастирот во Присад. И разграноците си организираат еднодневни екскурзии одделно, се разбира со помош на здружението. Наши членови беа на два наврати и на одмор во Охрид, по 7 дена за малку средства. Комисијата за здравство издвои и додели повеќе од еден милион денари за помош на членови на здружението кои имаат здравствени проблеми, а еднократна помош беше доделена во висина од околу 500 илјади денари. Беа реализирани и други активности за кои секако дека читателите на нашиот пензионерски весник се редовно информирани.

**На што особено ќе посветите внимание во наредниот период?**

- Сега во разграноците во тек е одржувањето расправа по предлог статутот на ЗП-Прилеп. Го усогласуваме со статутот на СЗПМ. Се подготвуваме за дозаврштување на преостанатите програмски активности до крајот на годината. Секако, размислуваме за одбележување и на новогодишните празници, а и за помош на пензионери, наши членови, со пониски пензиски примања на кои традиционално им подаруваме новогодишни пакети. Се разбира дека ќе реализираме уште многу други, особено што произлегуваат од активноста на Активот на пензионерки при ЗП, кој навистина е многу активен.

**Каква е соработката со ЛС на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени од каде што членуваат пензионери во ЗП-Прилеп?**

- Би рекол кратко: одлична е. Во Прилеп имаме десетина наши, пензионерски клубови кои активно работат. Дел од нив се сместени во простории што ни ги подари локалната самоуправа, а свои, односно пензионерски клубови имаме и во Долнени и во Кривогаштани и уште во неколку други рурални средини каде што пензионерите го поминуваат своето слободно време. Се надеваме дека наскоро ќе го отвориме и клубот во населбата Варош, со помош на локалната самоуправа на Прилеп.

Кирил Ристески

ЗП-ОХРИД И ДЕБРЦА

# Промоција на биографската книга „Трите универзитети на проф. д-р Павле Митрески“

Неодамна во Охрид беше промовирана биографската книга „Трите универзитети на проф. д-р Павле Митрески“ од авторката Кристина Алексиеска, новинарка и документаристка на ТВ-Морис од Охрид.

- Суштинското обележје на овој труд е, во голема мера, авторот да го расветли животниот пат на проф. д-р Павле Митрески, познат македонски историчар и истражувач кој со својот огромен истражувачки труд осветли многубројни страници од македонската историја. Јадрото на книгата го сочинува животната приказна на проф. д-р Павле Митрески, која авторката Алексиеска ќе ја подели на три поглавја во кои стои именката универзитет: Прв, Втор и Трет универзитет. Низ овие три поглавја праволиниски ја прикажува животната приказна на професорот Митрески, која пред нас читателите се одмотува како филмска лента.



Првото поглавје, односно првиот универзитет е посветен на детството на Павле помеѓу двете светски војни, преку раскажаните животни вистини од кои некои имаат призвук на анегдоти сликовито е претставена и состојбата на едно просечно македонско семејство од тоа време - беда, сиромаштија и секојдневна борба за гола егзистенција. Тука блеснува детскиот интелект на Павле Митрески, што на некој начин го навестува идниот историчар кој ќе даде силен белег на расветлување на историската вистина на овој крај. Второто поглавје, Вториот универзитет, веќе дава јасна слика и јасни насоки на идниот животен и интелектуален развој на Павле Митрески. Тука се опфатени момчештвото, младоста, животното искуство и конечната определба на неговата научна иднина. Тоа животно искуство го дефинира неговиот иден интелектуален профил за да нашироко биде претставен во третиот дел - третиот универзитет во кој Митрески се разгранува како неуморна творечка личност со обемно дело кое претставува гранитен камен на севкупната македонска научна мисла. Оваа книга има исклучително историско значење, затоа што е прво прозно дело на авторката Алексиеска во кое се обработува жив автор во охридскиот регион и за тоа и честитам на авторката - рече промоторот, писателот Славе Ѓорго Димоски.

За професорот Митрески најзначајно истражувачко дело како истражувач на трудови е книгата „Патеките на Пупиновите предци“, според која е изработен и документарен филм. Проф. д-р Павле Митрески, познат историчар и прв и единствен истражувач на животот на Михајло Пупин, е роден во селото Вишни, Струшко. По отслужувањето на воениот рок се запишува на Филозофскиот факултет во Нови Сад, насока историја, а со мислите е во Македонија, кај својата прва љубов - убавата Ленца. По завршувањето на факултетот се враќа во Охрид и се вработува во Занаетчиското училиште, а потоа е назначен за директор на Историскиот архив во Охрид.

Пишувањето и истражувањето се негова прва цел и преокупација, а паралелно е и хонорарен дописник на белградска „Политика“. Сега веќе како академец, овој период за себе го нарекува негов Втор универзитет. По докторирањето во 1974 година за Митрески започнува вистинскиот универзитет кој самиот ќе го нарече Трет универзитет. И со право, со оглед на напредувањето преку изложување на безброј научни трудови. Најпрво како редовен предавач со звање доцент, а подоцна и редовен професор, сè до моментот на пензионирањето кое го пречека со објавени над 130 научни прилози и 12 научни труда.

Меѓу научните трудови на Митрески се и револуционерната дејност на Петре Чауле, потоа за последиците од Илинденското востание во охридско-струшкиот регион, а како последно до овој момент, во пензионерските денови, е издадено делото „Студиите за охридско-струшкиот регион“, книгата за Охридската гимназија - ризница на интелектуалци. Во своите истражувања Митрески доаѓа до сигурни сознанија дека Охридската гимназија ја изградил турскиот капетан Ејуп Сабри Беј од Охрид, кој бил близок пријател со Нијази бег - водачот на младотурската револуција, а била наменета за средно образование под именото Идадија и претставува симбол на трите временски димензии: минато, сегашност и иднина.

Пензионерскиот период на проф. д-р Павле Митрески се чини дека е најплоден според бројот на објавените истражувачки трудови. Затоа и самиот Митрески ќе рече дека овој период би го нарекол Четврти универзитет, бидејќи работи на создавање на нови трудови. Имено, наскоро се очекува да излезат од печат неговиот труд „Дипломски документи за Македонија во XIX и XX век“ и монографијата „Обичаи, песни и носии за вевчанскиот и дримколскиот крај“, која веќе е во печат. Проф. д-р Павле Митрески за својот долгогодишен научно-истражувачки труд е наградуван со многубројни значајни награди и признанија, од кои најдрага му е Повелбата на Свети Климент Охридски - Патрон на Охрид, за 2013 година, во областа на науката. Проф. д-р Павле Митрески, кој штотуку наврши 86 години, во емотивното обраќање пред присутните не ја криеше возбудата од објавувањето на биографската книга за него.

К. Спасески

# Резултати за почит на здружението на литературни творци просветни работници на РМ



На 30.10.2018 година, во просториите на библиотеката „Страшо Пинџур“ во Скопје се одржа годишно собрание на кое присуствуваа голем број членови од повеќе градови од РМ. Седницата беше поделена на 3 дела. Во првиот дел претседателката Благојка Филипчева поднесе извештај за активностите на здружението. Во извештајот беа забележени многу настани, литературни читања, јубилејни поводи, значајни датуми и разни дружења со пензионерите, со геријатрија, со творци од земјава и од странство.

За истакнување е зборникот „Ракописот на љубовта“ и неговата промоција во библиотеката „Страшо Пинџур“, во кој се застапени и Михаил Ренџов, Васил Мукаетов и Јован Мазгански кои од машки агол го искажуваат чувството за жената покрај женските чувства на жените творци. Имаме голем број дела и портрети од наши членови. Еве некои од нив: „Александровна“ од Лидија Лучко-Јеремиќ во Демир Хисар, „Постела на псалмот“ од Цвета Спасикова во „Матица ексклузив“ во Скопје, „Диви коњи“ од Анѓа Јосифовска во „Даре Џамбаз“, портрети на Благојка Филипчева, Ристана Николовска, Божана Трајковска и многу други вредни творци. Мора да ја истакнеме соработката на нашите членови промотори: Тамара Арсовска, Благојка Филипчева, Лидија Лучко-Јеремиќ, Горан Анчевски, Васил Тоциновски и многу други неуморни соработници и членови на здружението. Пензионерските години се период кога се посветуваме на нешта за кои сме немале време во работниот век. Исто така, има потреба од подмладување на здружението. Во вториот дел се доделија наградите за животно дело на Евантија Таник и на најстарата членка Мирослава Богатинова.

Ц. С.

ЗП-БОГДАНЦИ

# Еднодневна екскурзија до Пелинце и Матка

По повод 10 Октомври, ослободувањето на Богданци од фашистичкиот окупатор и 11 Октомври, Денот на востанието на македонскиот народ, пензионерите од Богданци организирано реализираа еднодневна екскурзија до Пелинце, меморијален центар на АСНОМ.

На 6 октомври, во раните утрински часови, 70 пензионери се упатија кон Пелинце, каде што се запознаа со збиднувањата на Вториот Илинден, во манастирот „Свети Прохор Пчињски“. Сегашниот објект со спомен-собата, изграден во 2004 година, е копија на просторијата во којашто се одржало заседанието на АСНОМ. На заседанието биле присутни 67 делегати, а требало да учествуваат 118. Пензионерите поставуваа прашања во врска со тој историски настан, на што добиваа стручни одговори. Потоа ја разгледаа и околината на објектот кој е сместен во легендарната Козјачија.

По краткиот одмор пензионерите се упатија кон Матка, каде што се одушевуваа на убавината на кањонот и на езерото. Некои пензионери со бротчиња се возеа по езерото, запознавајќи се со одликите на Матка и со нејзината флора и фауна. Интересна беше и глетката на планинарите кои се качуваа по стрмните карпи на клисурата. Матка вриеше од посетители, меѓу кои имаше и многу пензионери од други краеви. Низ разговори се создадоа нови пријателства и незаборавни доживувања кои ќе се паметат долго. Околу 14 часот пензионерите пристигнаа во Скопје, каде што го разгледаа плоштадот и мостовите на културата. Во попладневните часови се упатија кон Богданци, побогати за уште едно незаборавно дружење.

Д. Чавдаров



ЗП-ЛОЗОВО

# Пензионерско дружење за Петковден

Општинското здружение на пензионерите од Лозово, по повод верскиот празник Параскева – Петковден на 27.10.2018 г., беше домаќин на повеќе здруженија на пензионери кои заедно со месното население во црквата „Петковица“ го одбележаа овој ден.



Денот беше убав, сончев, празничен. Откако се проследија верските обичаи во црковниот храм, честитки за празникот до месното население и гостите упати претседателката на ЗП-Лозово, Марија Моневска. Таа топло добредојде им посака на пензионерите на ЗП-Св.Николе, ЗП-Велес, ЗП-Кратово, ЗП-Крива Паланка, ЗП-Пробиштип, ЗП-Злетово, ЗП-Куманово, ЗП-Неготино, ЗП-Македонски Брод, ЗП-Штип, ЗП-Кочани, ЗП-Ѓорче Петров-Скопје, ЗП-Бутел-Скопје, потоа на Здружението на инвалиди пензионери од Велес, Здружението на инвалиди пензионери од Куманово, Здружението на инвалиди пензионери од Струмица, Здружение на инвалиди пензионери од Струмица, Здружение на инвалиди пензионери од Штип и ЗП на инвалиди пензионери од Свети Николе.

На присутните им се обрати и Љупчо Димовски, претседател на собранието на СЗП на Град Скопје и претседател на ЗП-Бутел, кој им го честита празникот на сите присутни. Во своето обраќање посебен осврт даде за состојбата на пензионерите во Македонија, за поволностите што ги имаат и за оние што допрва ќе следуваат.

Новина за поздравување е што се потпиша меморандум за социјални пакети со прехранбени артикли за најзагрозените пензионери во Македонија. Кога толку многу храна се фрла, а толку многу има гладни пензионери, да помогнеме! - истакна Димовски во своето обраќање.

Многубројните гости беа послужени со црковен ручек. Најсреќни беа пензионерите од ЗП-Куманово, бидејќи според верските обичаи за празникот е потребен кум. ЗП-Куманово беше овогодишен кум, а кумството за наредната година го преземаа пензионерите од ЗП-Злетово. Секако дека не изостанаа и музиката и орото. Со својот настап естрадните уметници Јордан Митев и Даниела Темелкова ги кренаа на нозе сите пензионери. Цел ден неуморно се играше. Од ова заедничко дружење сите си заминаа со насмевка на лицето.

Марија Моневска

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С. Андонова од СЗПМ

Александар Димковски и Јадранка Ковјаниќ од „Нова Македонија“